Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации 2010 („Службен Весник на Република М" бр.52/2010) и одлуката за основање на Здружението ЦЕТ платформа од Основачкото собрание на здружението, на седницата одржана на ден 04.01.2016 година го донесе следниов:

# С Т А Т У Т
## на
## Здружение за едукација и тренинг ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје

## Општи одредби

### Член 1

Здружението за едукација и тренинг ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје (во понатамошниот текст Здружение ЦЕТ платформа) е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, основано на неодредено време, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, промоција и заштита на човековите права, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните и граѓанските вредности, зајакнување на меѓуетничките односи, афирмација на младите во општеството, промоција и заштита на медиумските слободи, права и стандарди и економски развој на територијата на Република Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законите.

### Член 2

Граѓаните слободно се здружуваат во Здружението, заради остварување на поширок општствен интерес, делување и остварување на цели во областите на граѓанското општество, демократскиот поредок и институции, граѓанските вредности, човековите права, медиумите, неформалното образование и ранливите категории на граѓани во општеството.

Здружението на граѓани ЦЕТ платформа во Република Македонија е отворено за членство на сите без разлика на национална, верска, расна, религиска или друга припадност.

### Член 3

Здружението ЦЕТ платформа од Скопје, дејствува на територијата на РМ, а се организира за подрачјето на општина Аеродром. Здружението во своето дејствување може да се проширува на национално и меѓународно ниво и може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, и да членува во асоцијации во земјата и странство согласно со Уставот и Законот на РМ и овој Статут.

**Член 4**

Здружението како Здружение со своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Македонија, со овој Статут и Законите на Р. Македонија.

**Член 5**

Целосниот назив на Здружението е: Здружение за едукација и тренинг ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје
Скратениот назив на Здружението е: ЦЕТ платформа
Кратеница од називот на Здружението е: ЦЕТ
Името на англиски јазик е: CET platform
Кратеница од називот на Здружението на англиски јазик е: CET

Скратениот назив ЦЕТ платформа ќе се користи во понатамошните документи, акти и публикации на Здружението.

**Член 6**

Седиштето на здружението ЦЕТ платформа е во Општина Аеродром во Скопје, Република Македонија на ул. бул. Видое Смилевски Бато 35/2-20, 1

Здружението ЦЕТ платформа од Скопје се организаира и делува на територијата на Република Македонија и останатите земји.

**Член 7**

Здружението ЦЕТ платформа од Скопје има својство на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.
Здружението ЦЕТ платформа го претставува и застапува Претседателот.
Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и во горниот дел кружно го содржи името на здружението на Македонски јазик со кирилично писмо, а во долниот дел е напишано Скопје. Во средината на печатот стои логото на Здружението, напишано на Англиски јазик како C:E:T platform со дигитални букви.

Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст: ЦЕТ платформа на Македонски јазик со кирилично писмо, број, дата и место.

## Цели и задачи на Здружението

### Член 8

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес.

Основни цели и задачи на Здружението ЦЕТ платформа се:

- развој на граѓанското општество, демократијата и демократските институции;
- унапредување и заштита на човековите права, граѓанските вредности и правата на ранливите категории на ѓраѓани во општеството;
- зајакнување на меѓуетничките и меѓурелигиските односи и придонесување кон еднаквост и солидарност во општеството;
- унапредување и заштита на медиумските слободи, права и стандарди;
- промоција на неформалното образование меѓу граѓаните, особено меѓу младите;
- поддршка на маргинализираните лица и придонесување кон нивно социјално вклучување во општеството;
- понудување на помош на локалните и државните институции за формулирањето на одговорни јавни политики;
- афирмација на младите во општеството и потикнување на нивно учество во процесите на донесување одлуки;
- поттикнување и промоција на развој и знаење во областа на домашните, регионалните, Европските и меѓународните односи и соработка;
- промоција и развој на креативноста, иновацијата и претприемништвото;
- промоција на одрживот развој и заштита на животната средина;
- градење на капацитети на граѓанското општество на домашно и меѓунардоно ниво;
- унапредување на добротворството, волонтерството и активно учество на граѓаните во општествениот, политичкиот и економскиот живот;
- воспоставување соработка со домашни и странски здруженија на граѓани, фондации, единици на локалната самоуправа, државни институции и други организации чии цели се компатибилни со целите на ЦЕТ платформа;
- други дејност од општествениот живот кои се од јавен интерес.

### Член 9

Своите цели и задачи здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа, односно преку следниве активности:

- организирање на конкретни програмски активности;
- спроведување на заеднички проекти и соработка со домашни и странски здруженија на граѓани, фондации, единици на локалната самоуправа, државни институции и други организации:
- организирање на конференции, семинари, обуки, трибини, креативни работилници, научни собири, советувања и друг вид на јавни активности и облици на едукација;
- организирање, спроведување и обезбедување подршка за стручни и научни истражувања преку реализација на разни проекти и активности;
- објавување на книги, прирачници, промотивни материјали и публикации во согласност со Законите и Уставот на Р.М.;

- организирање на волонтерски акции за подигнување на свеста за работи од општествен и јавен интерес, како и акции за активно учество на граѓаните во процесите на донесување одлуки;
- креирање на експертизи наменети за индивидуи и други организации кои се во доменот на целите на Здружението;
- поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението и јавниот интерес;
- врши и други работи неопходни за остварување на целите на Здружението, а кои се предвидени со овој Статут и се во согласност со Законите и Уставот на Р.М.

## Услови и начин за членување и престанок на членство

### Член 10

Член на Здружението ЦЕТ платформа може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Македонија и/или странец, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава која условува на прифаќање на целите и Статутот на Здружението.

Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање на потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување, во согласност со Закон.

Зачленувањето на Здружението се врши со пристапница односно со издавање на документ за членство, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа со потпишување на лична писмена изјава.

Одлуките за членство ги донесува Извршниот одбор со просто мнозинство на своите седници. Извршниот одбор е должен за своите одлуки за членство да се произнесе во рок од 30 дена.

Здружението ЦЕТ платформа за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

### Член 11

Членството во Здружението може да престане:

- по барање на членот на Здружението со давање на писмена изјава за отчленување,
- ако не ги почитува одредбите на Статутот и обврските кои произлегуваат од него,
- ако дејствува против целите на Здружението,
- долга неактивност во работата и активностите на Здружението,
- нарушување на угледот и честа на Здружението.

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Извршниот Одбор на Здружението.

На членот на Здружението мора да му се овозможи да се изјасни за причините заради кои е поднесен предлог за донесување одлука за престанок на неговото членство во Здружението.

## Права, обврски и должности на членовите

### Член 12

Член на Здружението има право:

- да бира и да биде биран во органите на Здружението,
- непосредно да учествува во донесувањето на одлуките на Собранието, како и преку органите на Здружението,
- рамноправно да учествува во работата и остварувањето на целите на Здружението,
- да придонесува во развојот, промовирање и популарноста на Здружението;
- да биде навремено и целосно информиран за работата и активностите на Здружението,
- доброволно да се откаже од членувањето,
- да ги изнесува своите ставови по поставени прашања.

Правото да бидат избрани е ограничено само за малолетните членови.

### Член 13

Член на Здружението е должно:

- да го почитува Статутот,
- да земе активно учество во остварување на целите на Здружението,
- да учествува на состаноците,
- да земе активно учество во спроведувањето на Програмата на активности на Здружението, во согласност со неговиот интерес,
- да ги извршува активностите предвидени со Програмата за работа кои му се доделени од лицето задолжено за извршување на активностите,
- да доставува податоци и извештаи за работата и активностите кои му се доделени и за кои е одговорен.

## Јавност во работата

### Член 14

Работата на Здружението ЦЕТ платформа е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување (на членовите, други здруженија или пошироката јавност) за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално – финансиско работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата и/или електронските медиуми.

## Финансирање на здружението

**Член 15**

Здружението остварува средства од:

- членарина,
- донации, доброволни прилози, подароци (во пари, добра, имотни права),
- буџет на Република Македонија и локалните самоуправи,
- фондови на Европската Унија и други јавни извори,
- давање на услуги на други здруженија, организации и институции,
- средства од котизација за организирани семинари, работилници, обуки или други облици на образовани активности поврзани со целите на Здружението
- провизии од органи, организации,
- заедници и од други установи,
- од трговски друштва и други правни лица;
- од други услуги (имотни права и сл.),
- од други извори предвидени со Законите и Статутот.

**Член 16**

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од член 15 се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи.

**Член 17**

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежносите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

**Член 18**

Здружението ЦЕТ платформа донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 15 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

## Органи на Здружението

### Член 19

Органи на Здружението ЦЕТ платформа се:

1. Собрание
2. Извршен одбор
3. Претседател

## Собрание на здружението

### Член 20

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието на Здружението ЦЕТ платформа го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението.

Собранието избира Претседател со просто мнозинство на сите присутни членови со мандат од 4 години со право на повторен избор. Претседателот го застапува и претставува Здружението во правните и финансиските работи.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

### Член 21

Изборното Собрание се свикува на секои 4 години и конституирањето на органите и телата мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена форма се доставуваат најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

### Член 22

На изборното собрание се избира:

- Работно претседателство од три члена: Претседател, Потпретседател и Програмски координатор;
- Записничар;
- Двајца оверувачи на записникот;
- Органи на управување на Здружението.

### Член 23

Седници на Собрание свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива.

Седници на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на 1/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

### Член 24

Собранието на Здружението ЦЕТ платформа од Скопје од редовите на своите членови на редовни или вонредни собранија избира Извршен одбор.

### Член 25

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите/делегатите гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

### Член 26

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението ЦЕТ платформа и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и програма за работа на Здружението;
- Усвојува завршна сметка и финансиски план;
- Одлучува за промена на целта на здружувањето;
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението;
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- Избира Претседател на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Извршниот одбор;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу две собранија;
- Ја следи материјално финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

## Извршен одбор

### Член 27

Извршниот Одбор на здружението ЦЕТ платформа од Скопје е Извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развој на здружението во согласност на Статутот.

Член на Извршниот одбор се изема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

### Член 28

Извршниот Одбор на Здружението ЦЕТ платформа брои пет члена.
Мандатот на членовите на Извршниот Одбор трае четири години.
Извршниот одбор го води Претседателот на Здружението.

Претседателот на Извршниот Одбор истовремено е и претседател на Собранието на Здружението и претседател на Здружението и тој го претставува и застапува Здружението и е наредбодавател и во областа на материјално и финансиско работење на Здружението.

### Член 29

Претседателот на Извршниот одбор ги свикува седниците на Извршниот одбор, предлага дневен ред и ги раководи седниците.

Во случај на отсутност на претседателот на Извршниот одбор на седницата го заменува еден од членовите на Извршниот одбор по предлог на претседателот.

Претседателот е должен да свика седница на Извршниот одбор најмалку еднаш месечно, а по потреба повеќе пати по барање на 1/2 од членовите на Извршниот одбор.

### Член 30

Извршниот Одбор ги врши следните работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали за седниците на Собранието;
- Го подготвува нацрт статутот, предлага измени и дополнување на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на собранието;
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- Подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;
- Донесува и реализира годишна програма за работа;

- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членување;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на Здружението;
- Врши и одлучува за други работи за кои не се овластени други органи преку Статутот на Здружението и Законите.

**Член 31**

Извршниот Одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

Начинот на свикување на седницата и работењето на Извршниот Одбор се уредува со деловникот за работа.

Членовите на Извршниот одбор во секое време треба да ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 32**

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и Одлуки на Собранието и Извршниот одбор, Извршниот одбор може да формира други работни тела.

**Претседател**

**Член 33**

Здружението ЦЕТ платформа има претседател.

Претседателот на Здружението се избира од страна на Собранието со просто мнозинство на сите присутни членови со мандат од 4 години со право на повторен избор. Претседателот го застапува и претставува Здружението ЦЕТ платформа во правните и финансиските работи и е наредбодавател и во областа на материјално и финансиско работење на Здружението.

Претседателот на Здружението истовремено е претседател на Собранието и Извршниот одбор на Здружението

**Член 34**

Претседателот на Здружението ги врши следните работи:

- Го застапува, претставува и раководи со работата на Здружението во правните и финанските работи,
- Ги донесува и спроведува одлуките за остварување на целите на Здружението во согласност на одлуките и заклучоците на Собранието и Извршниот одбор,
- Доверува обврски и должности и ја координира работата на членовите и работните тела,
- Подготвува предлози за годишна програма за работа и го подготвува годишниот извештај на Здружението,

- Одлучува за вработување на нови лица, одговара за сите права и обврски поврзани со работниот однос и склучува договори за работа,
- Раководи со седниците на Собранието и Извршниот одбор и се грижи за одржувањето на редот и мирот на истите,
- Ги подготвува, свикува и претседава со седниците на Собранието и Извршниот одбор,
- Склучува договори и одлучува за соработка со други здруженија, фондации, единици на локалната самоуправа, државни институции и други организации,
- Одговорен е за остварување на правата, интересите, како и јавниот углед на Здружението,
- Врши други работи во согласност со овој Статут и други општи акти.

**Член 35**

За својата работа Претседателот на ЦЕТ платформа одговара пред Собранието.

Претседателот на Здружението ги извршува своите права и обврски согласно со овој Статут, Законите и Уставот на Р.М.

## Соработка со други организации

**Член 36**

Заради остварување на своите цели, Здружението ЦЕТ платформа воспоставува контакти и соработка со други здруженија, фондации, институции, единици на локалната самуправа, организации, групи и поединци од земјата и странство.

Здружението може да членува во домашни и меѓународни здруженија и мрежи кои се залагаат за истите цели како и ЦЕТ платформа. За ваквото членство одлучува Собранието на Здружението со просто мнозинство од сите членови.

## Престанок на Здружението

**Член 37**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение;
- Ако нема услови за остварување на целите на Здружението
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации и други Закони.

Одлука за престанок на Здруженито донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

**Член 38**

Во случај на престанок на работатата на Здружението, имотот и другите права и приходи што останувааt по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на друго непрофитно здружение или фондација која има исти или слични цели како Здружението ЦЕТ платформа.

**Член 39**

Доколку неможат да се исполнат условите утврдени во Членот 38, во случај на престанување на работата на здружението неговиот имот преминува во сопственост на Република Македонија.

## Преодни и завршни одредби

**Член 40**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Извршниот одбор на Здружението.

**Член 41**

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 42**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување, на ден 04.01.2016 година, а ќе се применува од денот кога ќе запишан во Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 43**

За сите прашања кои не се регулирани со овој Статут непосредно ќе се применуваат одредбите од Законот за здруженија и фондации и/или други Закони.

**Датум и место**

04.01.2016, Скопје

**Здружение за едукација и тренинг**
**ЦЕТ ПЛАТФОРМА Скопје**
Претседател

.........................................
Бојан Коцевски